# НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 68 став 2 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 03/02, 51/03, 85/03, 40/04, 61/05 и 129/06), а во врска со член 12 став 4 од Законот за платниот промет („Службен весник на Република Македонија“ број 113/07), гувернерот на Народната банка на Република Македонија донесе

**О Д Л У К А**
**за дополнување на Одлуката за начинот и постапката за отворање и затворање на трансакциска сметка**
**(Службен весник на Република Македонија број 152/08)**

1. Во точка 14 од Одлуката за начинот и постапката за отворање и затворање на трансакциска сметка објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 150/07 и 5/08 се додава ставот 2 којшто гласи:

   Доколку на сметките на учесникот во платниот промет над кого е отворена стечајна или ликвидациона постапка, во ЕРТС постојат блокади коишто се иницирани од носител на платен промет врз кого, по извршената блокада, е започната стечајна или ликвидациска постапка, тогаш постапката од став 1 ја презема носителот на платниот промет кај кого се отвора стечајна сметка на учесникот во платниот промет над кого е отворена стечајна постапка.

2. Оваа Одлука влегува во сила во рок од осум дена од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

О. бр. 7841
04.12. 2008 година
Скопје

м-р **Петар Гошев**, с.р
гувернер

О б р а з л о ж е н и е

Оваа дополна е резултат на потребата од единствено постапување на носителите на платниот промет при отворањето стечајни сметки на учесниците над кои е отворена стечајна или ликвидациска постапка.

Имено, во ЕРТС постојат блокади на сметките коишто се иницирани од носители на платен промет што веќе го изгубиле тој статус (поради стечај или ликвидација). Во таков случај, кога стечајниот управник ќе отвори сметка, таа е веќе блокирана зашто не постои субјект за да ја деблокира (носителот на платниот промет е во стечај или ликвидација).

Со дополнувањето се зголемува ефикасноста на стечајните постапки.